**Пред употребата на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи:**

1. *Што претставува АТЕНОЛОЛ и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите АТЕНОЛОЛ*
3. *Како да го употребувате АТЕНОЛОЛ*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на АТЕНОЛОЛ*

**ATENOLOL/АТЕНОЛОЛ 100 mg таблети**
atenolol

Активна супстанција: атенолол.
Помошни супстанции: магнезиум карбонат, пченкарен скроб, желатин, кроскармелоза натриум, натриум лаурил сулфат, магнезиум стеарат.

**Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Р. Македонија

**Назив, седиште и адреса на производителот на лекот:**
РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје, ул. Козле 188, 1000 Скопје, Р. Македонија

**1. Што претставува АТЕНОЛОЛ и за што се употребува**
1 таблета содржи 100 mg атенолол.

Содржина на пакувањето:
Кутија со 15 таблети од 100 mg во пластично шише.

Атенолол спаѓа во групата на лекови кои се нарекуваат бета блокатори.
АТЕНОЛОЛ се употребува за:

- Лекување на висок крвен притисок (хипертензија).
- Лекување на неправилен срцев ритам (аритмија).
- Помага во спречување на градна болка (ангина).
- Го заштитува срцето во раниот третман после срцев удар (миокарден инфаркт).

Делува така што срцето работи побавно со помалку сила.

**2. Што треба да знаете пред да го употребувате АТЕНОЛОЛ**

**Немојте да го употребувате АТЕНОЛОЛ:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

- Ако сте алергични (преосетливи) на атенолол или на било која друга состојка на лекот.
- Ако некогаш сте имале срцеви потешкотии, како:
  - затајување на срцето кое не е под контрола (оваа состојба предизвикува недостаток на воздух и отекување на зглобовите),
  - срцев блок од втор или трет степен (состојба која може да се лекува со срцев електростимулатор – песмејкер),
  - многу бавни или многу неправилни отчукувања на срцето, многу низок крвен притисок или многу лоша циркулација.
- Ако имате тумор кој се вика феохромоцитом, кој не е лекуван. Тој обично се наоѓа во близина на бубрегот и може да предизвика висок крвен притисок. Ако се лекувате поради феохромоцитом, лекарот ќе Ви даде уште еден лек кој се нарекува алфа блокатор, кој треба да го земате заедно со АТЕНОЛОЛ.
- Ако Ви е кажано дека имате повисока од нормалната концентрација на киселина во крвта (метаболишка ацидоза).

Не земајте го АТЕНОЛОЛ ако било што од горенаведеното се однесува на Вас. Доколку не сте сигурни, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт.

**Бидете посебно претпазливи со АТЕНОЛОЛ**

Разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт пред да земате АТЕНОЛОЛ:

- **Ако имате астма, свирење во градите или било каков сличен проблем со дишењето, или добивате алергиска реакција, на пример при каснување од инсекти. Ако некогаш сте имале астма или свирење во градите, на земајте ги овие таблети без да се посоветувате со Вашиот лекар.**
- Ако имате вид на градна болка (ангина) таканаречена Принзменталова ангина.
- Ако имате слаба циркулација или контролирано затајување на срцето.
- Ако имате срцев блок од прв степен.
- Ако имате шеќерна болест (дијабетес). Овој лек може да ја промени Вашата вообичаена реакција на ниска концентрација на шеќер во крвта. Може да почувствувате дека срцето Ви чука забрзано.
- Ако имате тиреотоксикоза (состојба предизвикана со прекумерна активност на штитната жлезда). Овој лек може да ги прикрие симптомите на тиреотоксикоза.
- Ако имате проблеми со бубрезите. Можеби ќе треба да направите дополнителни контролни прегледи за време на лекувањето со АТЕНОЛОЛ.

Доколку не сте сигурни дали било што од горенаведеното се однесува на Вас, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт пред да земате АТЕНОЛОЛ.

**Употреба на АТЕНОЛОЛ со храна и со напиток**

АТЕНОЛОЛ таблетите може да ги употребувате без оглед на земањето храна.

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Доколку сте бремени, мислите дека можеби сте бремени или планирате бременост, советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земате овој лек.

Атенолот ја поминува плацентата. Не се вршени студии за примената на атенолол во првиот триместар од бременоста и можноста за оштетување на плодот не може да се исклучи. Атенолол е применуван под строга контрола за третман на висок крвен притисок во третиот триместар од бременоста.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Употребата на атенолол кај бремени жени за третман на благо до умерено зголемен крвен притисок, се поврзува со заостанување во растот на плодот во матката.
Употребата на атенолол кај бремени жени или жени кои може да забременат, бара да се процени користа од примената во однос на можните ризици, особено во првиот и вториот триместар, бидејќи бета-блокаторите се поврзани со намалување на прокрвеноста на плацентата, која може да доведе до смрт на плодот во матката, незрели и предвремени породувања.

**Доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Доколку доите, советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земате овој лек.
Атенолол значително се насобира во мајчиното млеко. Кај новороденчиња, родени од мајки кои примале атенолол во тек на породувањето или доењето, постои ризик од појава на намалување на нивото на шеќерот во крвта и забавена срцева работа.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

АТЕНОЛОЛ најверојатно нема да влијае врз Вашата способност за возење или ракување со машини. Сепак, препорачливо би било да почекате да видите како овој лек ќе делува на Вас пред да ги вршите овие активности.
Ако после земањето на лекот почувствувате вртоглавица или замор, немојте да возите или ракувате со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на АТЕНОЛОЛ**

АТЕНОЛОЛ таблетите не содржат помошни супстанции за кои би требало да бидете информирани.

**Употребување на други лекови**

Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.
Тоа е затоа што АТЕНОЛОЛ може да влијае врз начинот на кој некои лекови делуваат и некои лекови може да имаат влијание врз АТЕНОЛОЛ.
Особено информирајте го Вашиот лекар доколку земате било кој од следниве лекови:

- Клонидин (за лекување на висок крвен притисок или мигрена). Доколку земате клонидин и АТЕНОЛОЛ истовремено, не смеете да престанете да земате клонидин, освен ако Вашиот лекар не Ви кажал тоа да го направите. Доколку морате да престанете да земате клонидин, Вашиот лекар детално ќе Ве упати како тоа да го направите.
- Верапамил, дилтиазем, нифедипин (за лекување на висок крвен притисок или градна болка).
- Дизопирамид, кинидин или амиодарон (за лекување на неправилен срцев ритам).
- Дигоксин (за лекување на срцеви потешкотии).
- Адреналин, познат и како епинефрин (лек кој го стимулира срцето).
- Ибупрофен или индометацин (за лекување на болка и воспаление).
- Инсулин и орални антидијабетици (за лекување на шеќерна болест).
- Лекови против конгестија (преполнетост) на носот или синусите, како и други лекови за лекување на настинка (вклучувајќи ги и оние кои може да ги купите во аптека).

**Операции**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

Доколку Ви претстои операција, информирајте го анестезиологот или медицинскиот персонал дека земате АТЕНОЛОЛ. Ова е потребно затоа што може да Ви се јави низок крвен притисок (хипотензија) доколку Ви се дадат одредени видови на анестетици додека примате АТЕНОЛОЛ.

**3. Како да се употребува АТЕНОЛОЛ**

Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.

Вашиот лекар ќе Ви каже колку таблети дневно треба да земате и кога да ги земате.

Проголтајте ја АТЕНОЛОЛ таблетата цела со чаша вода.

Обидете се таблетите да ги земате секој ден во исто време.

**Возрасни**

- **Висок крвен притисок (хипертензија):** вообичаена доза е 50 mg до 100 mg дневно.
- **Градна болка (ангина):** вообичаена доза е 100 mg дневно или 50 mg двапати на ден.
- **Неправилен срцев ритам (аритмија):** вообичаена доза е 50 mg до 100 mg дневно.
- **Рано лекување на срцев удар (миокарден инфаркт) ):** вообичаена доза е 50 mg до 100 mg дневно.

**Постари лица**

Ако сте постаро лице, Вашиот лекар ќе одлучи дали да ја намали дозата на лекот, особено доколку имате проблеми со бубрезите.

**Пациенти со тешко нарушување на функцијата на бубрезите**

Ако имате тешко нарушување на функцијата на бубрезите, Вашиот лекар можеби ќе Ви препише помала доза од лекот.

**Деца**

Овој лек не смее да се дава на деца.

*Ако имате впечаток дека ефектот на АТЕНОЛОЛ е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте употребиле поголема доза АТЕНОЛОЛ отколку што треба**

Ако сте земале поголема доза отколку што треба, веднаш разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт. Понесете го пакувањето на лекот со себе.

**Ако сте заборавиле да употребите АТЕНОЛОЛ**

Ако сте испуштиле или заборавиле да го испиете лекот, земете го што побрзо. Ако се приближува времето за наредната доза, почекајте, не ја земајте пропуштената доза, но земете ја наредната доза.

*Не земајте наеднаш двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

**Ефекти кога престанува третманот со АТЕНОЛОЛ**

Не го прекинувајте лекувањето со АТЕНОЛОЛ без претходно да се посоветувате со Вашиот лекар. Во некои случаи ќе биде потребно лекувањето да го прекинете постепено.

**4. Можни несакани дејства**

*Како и сите лекови, АТЕНОЛОЛ може да има несакани дејства, кои не се јавуваат кај секој пациент.*

**Алергиски реакции**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Ако Ви се јави алергиска реакција, веднаш јавете се кај Вашиот лекар. Симптоми на алергиска реакција се појава на плуски на кожата (уртики) или отекување на лицето, усните, устата, јазикот или грлото.

**Други можни несакани дејства**

**Чести (се јавуваат кај најмногу 1 во 10 случаи)**

- Можете да забележите дека Вашето срце чука забавено, додека ги земате таблетите. ова е вообичаено, но ако сте загрижени, разговарајте со Вашиот лекар.
- Ладни раце и нозе.
- Пролив.
- Мачнина.
- Замор.

**Невообичаени (се јавуваат кај најмногу 1 во 100 случаи)**

- Нарушување на спиењето.

**Ретки (се јавуваат кај најмногу 1 во 1 000 случаи)**

- Срцев блок (кој може да предизвика вртоглавица, неправилен срцев ритам, замор или несвестица).
- Отрпнатост и грчеви на прстите после кое следи топлина и болка (Рејнодова болест).
- Промени во расположението.
- Ноќни мори.
- Чувство на збунетост.
- Промени на личноста (психози) или халуцинации.
- Главоболка.
- Вртоглавица (посебно при станување).
- Трпки во рацете.
- Неможност да се постигне ерекција (импотенција).
- Сува уста.
- Суви очи.
- Нарушување на видот.
- Проретчување на косата.
- Исип на кожата.
- Намален број на тромбоцити во крвта (поради што полесно се појавуваат модрици).
- Пурпурни промени на кожата.
- Жолтица (која предизвикува жолто пребојување на кожата или белките на очите).

**Многу ретки (се јавуваат кај најмногу 1 во 10 000 случаи)**

Промени во некои клетки или други делови на крвта. Вашиот лекар би требало редовно да ја праќа крвта на анализа за да провери дали АТЕНОЛОЛ влијае на Вашата крв.

**Непозната фрекфенција (фрекфенцијата не може да се процени од достапните податоци)**

- Синдром сличен на Лупус (болест при која имунолошкиот систем создава антитела кои најмногу ги напаѓаат кожата и зглобовите).

**Состојби кои може да се влошат**

Ако имате некоја од следниве состојби, тие може да се влошат доколку почнете да го земате овој лек. Ова ретко се случува и се јавува кај помалку од 1 во 1000 случаи.

- Псоријаза (кожно заболување).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

- Краток здив или отекување на зглобовите (ако имате затајување на срцето).
- Астма или проблеми со дишењето.
- Лоша циркулација.

*Ако приметите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Чување на АТЕНОЛОЛ**

Да се чува на температура до 25°C.
Да се чува во оригинално пакување.

**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**

07.2016

**Број на одобренинието за ставање на лекот во промет**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *